**Прилог број 2**

ОДГОВОР

**На забелешки на Нацрт извештајот на Овластениот државен ревизор**

На 31.08.2012 година добиени се Забелешки на Нацрт извештајот за извршената ревизија на успешност - Ефикасноста во исполнувањето на критериумите и условите во кои функционираат детските градинки од страна на Министерот за труд и социјална политика, заведени во Државниот завод за ревизија под број 25-509/17 .

Забелешките се разгледани од страна на Овластениот државен ревизор и констатирано е следното:

1. Забелешката на констатираната состојба во **точката 2.2.** во делот Ревизорски наоди, која се однесува на законските надлежности и функционирањето на Секторот за заштита на децата **не се прифаќа.** Имено, ревизорскиот наод се однесува на функционирањето на Секторот, а не на екипираноста на истиот. Дотолку повеќе што и на завршната средба, Министерот се согласи со констатациите на ревизијата и образложи дека во тек се активности за зајакнување на функционирањето на Секторот во функција на унапредување и развој на дејноста, што ревизијата го има истакнато во ревизорскиот извештај.
2. Забелешката на констатираната состојба во **точката 2.2.** во делот Ревизорски наоди, која се однесува на податоците и анализите на состојбите кои Секторот за заштита на децата ги прибира и изготвува во дејноста згрижување и воспитание на децата во предучилишна возраст **не се прифаќа**. Ревизијата не го оспорува постоењето на наведените податоци со кои располага Секторот, туку констатира дека во отсуство на податок за вкупниот број на деца на возраст од 0 до 6 години по општини, не можат и не се прават соодветни анализи за согледување на потребите и предлози за унапредување на состојбата во градинките од различни региони, од аспект на зголемување на капацитетите и поефикасно имплементирање на нормативите и стандардите за функционирањето на истите.
3. Забелешката на констатираната состојба во **точката 2.2.** во делот Ревизорски наоди, која се однесува на унапредувањето на дејноста згрижување и воспитание на децата во предучилишна возраст претставува **известување за преземените мерки** од страна на Министерството.

---

*Ревизорски тим* | *Овластен државен ревизор*
1.____________________ | ______________________
2.____________________